РЕГИОНАЛЕН ЦЕНТАР ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
Македонија

Austrian
Development Cooperation

**Поддршка на проекти во областа образование за одржлив развој (грантови)**

# Упатство за подготвување на пријави за грантови

**јуни, 2011 година**

Република Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

Република Македонија
Министерство за образование и
наука

РЕГИОНАЛЕН ЦЕНТАР ЗА ЖИВОТНА СРЕДИ
Македонија

Austrian
Development Cooperation

# Содржина:

2.1. ВОВЕД ........................................................................ 6

2.2. ОПИС НА ПРОЦЕСОТ НА ОДОБРУВАЊЕ НА ГРАНТОВИТЕ 7

2.3. ПОСЕБНИ БАРАЊА НА ПРОГРАМАТА............9

2.4. ПРОЦЕС НА ПОДНЕСУВАЊЕ ПРИЈАВА........10

3.1. ВОВЕД ........................................................................ 13

3.2. ПОДГОТВУВАЊЕ ПРИЈАВИ................................13

4.1. ВОВЕД ........................................................................ 19

4.2. ПРОЦЕС НА ДОДЕЛУВАЊЕ ...............................19

4.3. УПРАВУВАЊЕ СО ГРАНТОТ ..............................19

4.4. ИНФОРМАЦИИ И ОБЈАВУВАЊЕ.......................20

4.5. ПОСЕБНИ УСЛОВИ.................................................21

5. КОНТАКТИ И КРАТОК ИСТОРИЈАТ...................23

# Резиме

## Национални грантови

| | |
|---|---|
| **Донатор:** | Регионалниот центар за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа, со поддршка на Австриската развојна соработка (ADC), Министерството за животна средина и просторно планирање на РМ и Министерството за образование и наука на РМ |
| **Тема во областа на животната средина:** | Образование за одржлив развој |
| **Вкупен износ на располагање:** | Вкупниот износ на располагање за овој повик изнесува 100.000,00 евра, од кои програмата обезбедува 80.000,00 евра |
| **Износ за грант:** | До 10.000,00 евра (програмата обезбедува до 8.000,00 евра) |
| **Целна група:** | Граѓански здруженија од областа на животната средина (ГЗЖС) во Република Македонија |
| **Процес на селекција:** | Процесот на селекција ќе трае до септември 2011 година, со следниве чекори и временски рокови:<br>➢ Информативен состанок за сите ГЗЖС ќе се одржи на 22 јуни 2011 година, во просториите на РЕЦ (ул. „Илинденска“ 118, 1000 Скопје) со почеток во 11 часот<br>➢ Краен рок за поднесување на пријавите: 12 септември 2011 година<br>➢ Состанок за оценување на пријавите: 25 септември 2011 година<br>➢ Конечна одлука: септември 2011 година<br>➢ Состанок на добитниците: октомври 2011 година |
| **Времетраење на проектите:** | Проектите ќе траат осум месеци, во периодот од октомври 2011 до мај 2012 година |

## 1. ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА ПРОЕКТИТЕ „ЗЕЛЕН ПАКЕТ“ И „ЗЕЛЕН ПАКЕТ ЈУНИОР“

### ЗЕЛЕН ПАКЕТ

„Зелен пакет - образование за одржлив развој“ претставува алатка за образование за одржлив развој применет во сите основни училишта во Македонија. Проектот е осмислен да придонесе кон подобрување на состојбата на животната средина во Македонија преку едукација и подигнување на свеста за животната средина на ученици (на возраст од 10 до 14 години), наставници и родители. Зелениот пакет е дистрибуиран без надоместоци за училиштата за околу 25.000 ученици и во рамките на проектот се обезбеди обука за 350 наставници по биологија и по географија.

Предложената едукативна програма за одржлив развој во Македонија се фокусира на:

- едукативни активности - да се подигне свеста за животната средина на младите луѓе и да се негуваат вештини, вредности и навики за заштита на животната средина и
- социјални активности - однесувањето и дејствувањето на учениците и на граѓаните да се стави во функција на општиот контекст на одржливиот развој.

„Зелен пакет“ е мултимедијален пакет што опфаќа 22 теми од областа на образованието за животната средина и претставува прв пакет од ваков вид што се применува во образовниот систем во Македонија. Изработена е национална верзија на мултимедијалниот пакет наменета за ученици од петто до деветто одделение, која е достапна на македонски и на албански јазик, и преку Бирото за развој на образованието е дистрибуирана во сите основни училишта во земјата и се користи во наставата од учебната 2008/2009 година. Пакетот содржи прирачник за наставниците, ЦД-ром со едукативни содржини, ДВД со избор на куси филмови поврзани со секоја тема што се обработува во прирачникот и игри со решавање дилеми.

Проектот е финансиран од страна на австриската Влада преку Австриска развојна соработка (ADC). Крајни корисници се Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за образование, а проектот го спроведуваше Регионалниот центар за заштита на животната средина - Канцеларија во Македонија.

### ЗЕЛЕН ПАКЕТ ЈУНИОР

Од септември 2009 година, Канцеларијата на РЕЦ во Македонија започна со реализација на проектот „Зелен пакет јуниор“, чија основна цел, исто така, е подигнување на свеста за одржлив развој кај учениците од прво до петто одделение.

Заложбата на „Зелен пакет јуниор“ е да придонесе кон подобар квалитет на животната средина во Македонија преку поттикнување на личната одговорност на

граѓаните за подобрување на сопствениот однос и поголема грижа за животната средина. „Зелен пакет јуниор“, слично на својот претходник, ќе осмисли активни методи и алатки за едукација на најмладите ученици (на возраст од шест до десет години), на нивните наставници и родители. Пакетот ќе биде дистрибуиран до сите училишта без надоместоци, ќе се користи за едукација на околу 100.000 ученици и ќе се обезбеди обука за минимум 500 наставници. Тој ќе се изработи во 1.800 примероци на македонски и на албански јазик.

„Зелен пакет јуниор“ е продолжување на проектот „Зелен пакет - образование за одржлив развој во училиштата во Република Македонија“, кој беше спроведуван во периодот 2006-2008 година, и истовремено претставува можност за подигнување на свеста за одржлив развој на најмладата популација. Учениците од прво до петто одделение ќе стекнат одредени знаења и навики за одржливо однесување и со тоа само ќе се олесни користењето на „Зелен пакет“, кој е веќе изработен и се користи во основните училишта во наставата од петто до деветто одделение.

За сите дополнителни информации во врска со проектот можете да се обратите во Канцеларијата на РЕЦ во Македонија или да го посетите следниов линк:

www:rec.org.mk/Proekti/Proekti.html

Најголем дел од средствата и за овој проект повторно се обезбедени од страна на Австриската Влада преку Австриска развојна соработка (ADC) а останатите средства се обезбедени од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање на РМ и Министерството за образование и наука на РМ.

**ВАЖНО**

**Дополнителни информации што може да ви помогнат во осмислување на пријавите за грантови ќе бидат презентирани на информативниот состанок што ќе се одржи на 22 јуни 2011 година во просториите на РЕЦ (ул. „Илинденска“ 118, 1000 Скопје) со почеток во 11 часот.**

**За повеќе информации, поднесувачите треба да се обратат до Корнелија Радованоviќ, раководител на проекти, Канцеларија на РЕЦ во Македонија, ул. „Илинденска“ 118, 1000 Скопје и-меил:** kornelija@rec.org.mk
**тел: 02 3090 136; факс: 02 3088 193**

# 2. ПРЕГЛЕД НА НАЦИОНАЛНИТЕ ГРАНТОВИ ОД ПРОЕКТОТ „ЗЕЛЕН ПАКЕТ ЈУНИОР“

## 2.1. ВОВЕД

Како дел на компонентата за поддршка на проекти од програмата „Зелен пакет јуниор“, РЕЦ нуди национални грантови за ГЗЖС од Република Македонија. Општиот делокруг на донаторската програма има две главни цели:

- Промовирање на образованието за одржлив развој:

- активна соработка со основните училишта во даден регион/ општина/ заедница;
- поддршка на одржливиот развој во Македонија преку примена на практични и демонстративни проекти на национално/ локално ниво со користење на содржините на мултимедијалните пакети за образование за одржлив развој „Зелен пакет“ и „Зелен пакет јуниор“.

- Зајакнување на граѓанското општество во однос на:

- подигање на свеста кај заедниците во однос на условите и на можните решенија за проблемите во секторот животна средина;
- промовирање позитивни промени во животната средина преку едукација.

Сите проекти на ГЗЖС треба да се стремат кон подобрување на примената на образованието за одржлив развој преку практични и секојдневни примери.

Ова вклучува користење на Зелен пакет и Зелен пакет јуниор во секојдневната настава, развивање на активности поврзани со темите дадени во мултимедијалните пакети, при што активно ќе се вклучат и наставниците и учениците од училиштата во коишто ќе се спроведува проектот, како и прибирање на повратни информации (коментари, сугестии) за веќе изработените пакети.

**Интегрален пристап:** Проектите треба да бидат подготвени врз принципите на одржливиот развој преку интегрирање на трите столба на одржливост (животна средина, социјален и економски). Проектот треба да ги интегрира целите за заштита на животната средина со позитивни економски и социјални аспекти.

**Вклучувачки пристап:** ГЗЖС се поттикнуваат да користат вклучувачки пристап при подготовка и спроведување на своите проекти преку иницирање на состаноци со сите клучни фактори за успешно спроведување на проектот. Тоа пред се подразбира задолжително вклучување на Локалната самоуправа, директорите на училиштата, како и наставниците кои го користат пакетот (наставник по биологија, наставник по географија, наставник по изборен предмет Воспитание за околината, одделенски наставници).

.

**Соработка:** Дополнително на соработката со општествените фактори, ГЗЖС се поттикнуваат на проактивна меѓусебна соработка во случаи кога станува збор за ГЗЖС заинтересирани за спроведување на проекти од областа образование за одржлив развој .

**Пристап на ширење на информациите:** ГЗЖС во своите проекти треба да прикажат пристап на ширење на информациите преку развивање на стратегиите за односи и комуникација со јавноста, со цел да се изгради подобра слика пред јавноста (што ќе ја привлече поддршката од јавноста и пристап на нови членови/волонтери во организацијата). ГЗЖС се поттикнуваат ефективно да ги користат јавните медиуми и останатите алатки за комуникација, со цел да се пренесат пораките од учениците и нивните наставници за неопходната потреба од образование за одржлив развој, како и воопшто, за неопходноста од одржливо однесување на секој поединец во општеството.

## 2.2. ОПИС НА ПРОЦЕСОТ НА ОДОБРУВАЊЕ НА ГРАНТОВИТЕ

При оценувањето ќе се земат предвид само оние ГЗЖС чии пријави се изработени согласно со упатствата.

### 2.2.1. Административен процес

Грантовите се управуваат од страна на националната канцеларија на РЕЦ во Македонија. Тоа подразбира:

- Објавување на повик за апликации, издавање упатства, услови и барања за подобност;
- Помош за ГЗЖС во подготвувањето на пријавите преку организирање на информативен состанок;
- Организирање на стручен локален советодавен одбор од независни експерти за анализирање и рангирање на пријавите;
- Поддршка на ГЗЖС во спроведувањето на своите проекти преку обезбедување совети за финансиско управување, известување за спроведувањето и сл. и
- Нудење можности за промовирање на крајните резултати од проектите на ГЗЖС.

| ВРЕМЕНСКА РАМКА |
|---|
| 1. Информативен состанок за сите ГЗЖС ќе се одржи на 22 јуни 2011 година во просториите на РЕЦ (ул. „Илинденска“ 118, 1000 Скопје) со почеток во 11 часот.<br>2. Краен рок за поднесување на пријавите: 12 септември 2011 година.<br>3. Состанок за оценување на пријавите: 25 септември 2011 година.<br>4.Конечна одлука: септември 2011 година.<br>5.Состанок на добитниците: септември 2011 година. |

### 2.2.2. Теми на пријавите за грантови

Теми на кои мора да се однесуваат проектите се:

- Образование за одржлив развој, преку вклучување на основните училишта во заедницата (бројот на вклучените училишта е еден од критериумите за оценување);
- Одржлив развој во основните училишта, преку пристап насочен кон подобрување на користењето на проектите „Зелен пакет“ и „Зелен пакет јуниор“ со практични, демонстративни проекти.

„Зелен пакет“ и „Зелен пакет јуниор“ се мултимедијални алатки за образование за одржлив развој, развиени од страна на РЕЦ со учество на голем број национални експерти. „Зелен пакет“ е вклучен во образовниот систем од учебната 2008/09 година и е доставен до сите основни училишта во Македонија, додека „Зелен пакет јуниор“ е во процес на изработка и ќе биде воведен како алатка во основните училишта во учебната 2012/13 година. На информативниот состанок, кој ќе се одржи на 22 јуни 2011, ќе можете да добиете материјали за „Зелен пакет јуниор“, кои ќе ви помогнат во осмислувањето на проектните активности.

### 2.2.3. Износ на грантовите

За овој повик, на располагање се 100.000,00 евра, од кои грант се 80.000,00 евра, а останатите 20.000,00 евра треба да се обезбедат со кофинансирање.

Поединечните грантови се во вредност до 10.000,00 евра, од кои грант-програмата бара 20% кофинансирање. РЕЦ ги поттикнува ГЗЖС да настојуваат да бараат дополнителни средства од други извори .

### 2.2.4. Времетраење на проектот

Проектот не смее да трае подолго од осум месеци, а реализацијата мора да почне во рок од две недели по одобрувањето на средствата за него. Реализацијата на проектите се очекува да почне најдоцна до ноември 2011 година, а да заврши до мај 2012 година.

### 2.2.5. Подобност

Барања за грант може да поднесуваат само регистрирани ГЗЖС што работат на унапредување на заштитата на

животната средина и на одржливо користење на природните ресурси од Република Македонија (види дефиниција за ГЗЖС во областа на животната средина подолу).

Граѓанските здруженија од областа на животната средина (ГЗЖС) се дефинираат како официјално регистрирани групи граѓани или други јавни здруженија што може да се идентификуваат на друг начин, а кои:

- не дејствуваат како официјални органи на власта;
- се непрофитни (т.е. некомерцијални) субјекти;
- функционираат на локално, регионално, национално и/или на меѓународно ниво;
- имаат основни цели поврзани со унапредување на едно или на повеќе од следниве прашања:
    - заштита и зачувување на животната средина
    - одржливо користење на природните ресурси и на обновливата енергија
    - традиционални културни вредности и знаења што водат до намалување на негативните влијанија на општеството врз животната средина
    - развој, политика и проекти што се поволни за животната средина и
    - принципи на управување што водат до создавање средина поволна за заштитата на животната средина и за одржливиот развој (на пример: антикорупциски мерки, транспарентност, одговорност и учество на јавноста);
- се присутни во јавниот живот, надвор од семејните структури, ги изразуваат интересите и вредностите на своите членови или на други лица, засновани на етички, културни, политички, научни или филантропски вредности и
- се регистрирани во Република Македонија.

Регистрирани ГЗЖС, како што се: групи за развој на заедницата, социјални групи, родово засновани групи, синдикати, верски групи, групи на наставници итн., кои работат во други сродни или помошни области, може да учествуваат во проектот како општествени фактори.

Покрај наведеното, од ГЗЖС што поднесуваат барање за грант се очекува да ги демонстрираат следниве карактеристики:

- Подготвеност да изготват и да спроведат проект со времетраење од најмногу осум месеци;
- Докажано и евидентирано искуство во управување со проекти;
- Искуство во областите одржлив развој и образование за одржлив развој и
- Пристап до потребната опрема и до потребните објекти за спроведување на проектот.

### 2.2.6. Соработка и партнерство

Оваа програма за грантови е испланирана со цел да ја унапреди соработката меѓу различни општествени чинители во областа на образование за одржлив развој во Република Македонија. Како такви, сите баратели треба да размислат на кој начин нивните проекти ќе демонстрираат соработка меѓу повеќе општествени чинители.

Заинтересираните субјекти, како што се:

- ГЗЖС од други области на дејствување, како што се групи за развој на заедницата, социјални групи, родово засновани групи, синдикати, верски групи, групи на наставници итн., исто така, може да имаат непосредна полза од проектот и да бидат вклучени во проектот како општествени чинители, под услов проектот да биде фокусиран на заштитата на животната средина и на образованието за одржлив развој;

Други општествени чинители, како што се локалната администрација, локалните или државните органи на власта, нивните вработени или функционери, исто така, се поттикнуваат да се вклучат во подготвувањето и во спроведувањето на грантовите, како и во кофинансирањето. Но, тие не смеат да остваруваат

финансиска добивка преку грантовите. Каква било исплата на овие учесници ќе резултира со прекин на грантот.

### 2.2.7. Принципи на програмата

- Покрај позитивно **влијание врз животната средина** преку мерливи индикатори, проектите треба да ги прикажат социјалните и економските влијанија врз корисниците. Проектот треба да се стреми кон реален напредок и подобрување на образованието за одржлив развој.
- Проектот треба да се заснова на принципите на одржливиот развој преку **интегрираниот пристап** (животна средина, социјален и економски квалитет).
- Проектот треба да применува **вклучувачки пристап** со вклучување на различни општествени фактори (корисници на проектот) при подготовка и спроведување на проектот; дискусијата со локалните власти, проактивна соработка со други ГЗЖС, отворени процеси што ги **вклучуваат основните училишта, преку вклучување на наставниците, учениците и нивните родители.**
- Проектот ги поддржува **поврзувањето и долгорочната соработка помеѓу образовните институции.** ГЗЖС треба да соработуваат со локалните власти при изборот на училиштата со коишто ќе работат при спроведување на проектот. Треба да ги поттикнат основните училишта на меѓусебна соработка и на осмислување и спроведување на заеднички едукативни и демонстративни проекти од областа на одржливиот развој и по завршувањето на конкретниот проект.
- Проектните активности треба да одговараат на **возраста на учениците, на нивните интереси и познавања на проблематиката.** Вклучувањето на ученици од различни одделенија и различна возраст, бара и осмислување на различни активности.
- Проектот треба да се погрижи заедницата да добие адекватни информации за проектот; нејзиното вклучување во подготовката и во спроведувањето на проектите треба да биде јасно прикажано. ГЗЖС треба ефективно да ги користи медиумите, со цел да се осигура директна комуникација со заедницата и со родителите.

Барателите треба да имаат предвид дека, оваа програма е испланирана да промовира и да применува одреден број дополнителни принципи. Кога тоа е соодветно, барателите треба да го земат предвид начинот на кој во планот за проектот ќе ги вградат следниве принципи и ќе обезбедат нивна реализација во текот на спроведувањето на проектот:

- Родова еднаквост и еднакви можности
- Праведна етничка застапеност и разноликост
- Елиминација на корупцијата.

Принципите на програмата поврзани со етничката, родовата и географската покриеност треба да се почитуваат во текот на подготвувањето и на спроведувањето на проектот, што треба да се демонстрира преку извештаите.

## 2.3. ПОСЕБНИ БАРАЊА НА ПРОГРАМАТА

Во фазата на подготвување на вашата пријава, разгледајте ја оваа листа на барања што се карактеристични или важни за овој повик:

- Проектот мора да се спроведува во партнерство со општината и со основните училишта во дадената општина.
- Проектните партнери треба да обезбедат 20% кофинансирање во парични средства. Кофинансирањето не може да биде во опрема, материјал или работна сила. Покрај задолжителното парично ко-финансирање од 20%, ГЗЖС се охрабруваат да мобилизираат дополнителни ресурси како опрема, материјал или работна сила.
- Проектот треба да покрие колку што е можно повеќе основни училишта во дадената општина
- Проектните активности треба задолжително да предвидат користење на материјалите од „Зелен пакет“ и од „Зелен пакет јуниор“.

- Проектните активности треба да обезбедат повратна информација од наставниците/ училиштата за квалитетот на досега изработените материјали од „Зелен пакет јуниор“.
- Проектот не може да трае подолго од осум месеци во период од октомври 2011 година до мај 2012 година).
- Грантовите не може да поддржуваат проекти што се однесуваат на истражувачка или на научна работа (освен ако не се поврзани со други аспекти на проектот).
- Грантовите дозволуваат покривање на трошоците само за платите за координативните позиции кога истите во друг случај не би биле во состојба да ги спроведуваат таквите активности на проектот. Трошоците за плати и за консултантски услуги во буџетските ставки не смеат да достигнат повеќе од 30% од вкупниот буџет (освен ако природата на проектот го чини тоа апсолутно неопходно, а тоа е соодветно образложено во пријавата).
- Грантовите стимулираат партнерства меѓу различни етнички групи во рамките на заедницата. Доколку е тоа возможно, проектите треба да ја демонстрираат додадената вредност која таквата соработка или партнерство ја внесуваат во проектот.
- Грантовите треба да демонстрираат родова еднаквост и вклученост на малцинствата секогаш кога тоа е релевантно и да ги вклучат соодветно во подготвувањето и во спроведувањето на проектот. Понатаму, проектот треба да биде во состојба да го мери влијанието или придобивките од нивното учество во проектот.
- Грантовите треба да бидат базирани во локалните заедници и општини.
- Допуштени трошоци се само оние што се поврзани директно со спроведувањето на проектот. Како такви, нема да се дозволат општи трошоци што не се поврзани со проектот.
- ГЗЖС не можат да поднесат повеќе од една пријава.

## 2.4. ПРОЦЕС НА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПРИЈАВА

Ве молиме, прочитајте го овој дел за целокупниот процес како што следува.

### 2.4.1. Процес на подготвување на пријава

Граѓанските здруженија треба да се состанат со различните идентификувани општествени чинители и заеднички да ја напишат пријавата.

За пишување пријава, ГЗЖС треба да ги следат овие упатства за грантови. Еден претставник на ГЗЖС мора да биде назначен за раководител на проектот.

Фазата на подготвување на пријавата ќе се одвива во периодот од јуни до септември 2011 година.

Барателите, исто така, можат да се обраќаат до Канцеларијата на РЕЦ во Македонија за помош и за одговори на прашањата што би можеле да ги имаат во врска со упатствата или со обрасците што треба да се користат (видете го поглавјето 5 од овие упатства во врска со податоците за контакт).

### 2.4.2. Процес на оценување

Вообичаено, вкупните барања за финансирање од ГЗЖС го надминуваат износот што е на располагање. Затоа барањата се селектираат низ конкурентен процес (грант добиваат највисоко оценетите пријави). Локалниот советодавен одбор, формиран од РЕЦ со учество на независни експерти, ги оценува сите поднесени пријави според ова упатство.

Сите примени пријави се предмет на прелиминарна оцена, со цел да се потврди дека ги исполнуваат следниве услови:

- Барателот е подобен за добивање на грант (види го делот за подобност);
- Пријавата испратена по пошта или лично, е комплетна и ги содржи сите оригинални, потпишани документи и обрасци.
- Пријавата е испратени или лично доставена пред истекот на крајниот рок.

Сите пријави ќе ги оценува независна експертска комисија, која се состои од Локалниот советодавен одбор и од директорот на Националната канцеларија на РЕЦ во Македонија.

### 2.4.3. Критериуми за оценување и селекција

Пријавите се оценуваат според следниве групи критериуми:

**Влијание врз животната средина:**

- **Целите и резултатите се изводливи, реални** и можат да се постигнат со обемот на проектот и со расположливата парична сума. Проектот демонстрира како очекуваните резултати придонесуваат кон постигнување на севкупниот делокруг на оваа грант-програма;
- Планот за спроведување е **реален и води кон одржливи, долгорочни резултати** што можат да бидат почувствувани од страна на корисниците и по завршувањето на проектот. Последователните активности се испланирани и објаснети.
- Позитивното **влијание врз животната средина** преку мерливи индикатори води до остварливи и долгорочни резултати. Прикажани се влијанија врз учениците, нивните наставници и родители, преку поодговорно однесување кон животната средина.
- Проектот води кон реален напредок **и подобрување на состојбите во образованието за одржлив развој**. Демонстрирана е одржливост на активностите и вклучување на основните училишта преку наставниците и учениците како основна целна група.

**Пристап и методологија на ГЗЖС:**

- Проектот се заснова на принципите на одржливиот развој преку **интегралниот пристап** (животна средина, социјален и економски).
- Проектот демонстрира **вклучувачки пристап** при неговата подготовка и спроведување преку иницирање на состаноци со сите клучни фактори за успешно спроведување на проектот. Тоа пред се подразбира задолжително вклучување на Локалната самоуправа, директорите на училиштата, како и наставниците кои го користат пакетот (наставник по биологија, наставник по географија, наставник по изборен предмет Воспитание за околината, одделенски наставници).
- отворени процеси што ги вклучуваат сите фактори вклучени во проектот, што ги користат сите досегашни знаења и искуства на наставниот кадар и што активно ги информираат / вклучуваат родителите за проектните активности
- Проектните активности одговараат на **потребите на заедницата**. Заедницата добива адекватни информации за проектот и нејзиното вклучување во подготовката и спроведувањето на проектот е јасно прикажано. Резултатите од проектот се надалеку познати и вреднувани во општеството.
- Проектот покажува дека вклучените организации го следат **пристапот заснован на правата**, кој обезбедува разгледување на прашањата за родова еднаквост, мултикултурно/мултиетничко претставување и учество на малцинствата во самиот проект. Примената на другите права, како што се возраста и децата со посебни потреби, може позитивно да влијае врз процесот на оцена.

**Соработка (општествени чинители):**

- Потенцирана е можноста за **национална/ локална соработка**. Општествените чинители ја делат одговорноста за спроведување на проектот на соодветен, јасен и фер начин.

- Проектот ги поддржува **поврзувањето и долгорочната соработка со општествените чинители.** Обезбедена е вклученост и обврзаност на соодветните општествени чинители и од нив се доставени писма за поддршка/обврзаност. Понатаму, улогата/очекувањата од клучните општествени чинители е јасно дефинирана, а предноста што ја имаат тие од вклученоста во различните активности е реално проценета.

**Квалитет на предлогот:**

- Постои **разумен и реален акционен план.** Акциониот план го демонстрира логичкиот тек на активностите, со јасна временска рамка и опис на вклученоста на општествените чинители.
- Буџетот е **економски оправдан.** Буџетот за секоја активност е јасно објаснет и пресметан. Севкупниот буџет ги следи буџетските ставки од образецот на РЕЦ. Ограничувањата дадени во упатството се јасно исполнети.

**Квалификуваност и способност на организацијата:**

- Персоналот има искуство и компетентност за темите. Биографиите на релевантниот вклучен персонал ги демонстрираат бараните вештини и искуства.
- Соодветни инфраструктурни ресурси (канцеларии и опрема) се на располагање.
- Проектот го гради и го поддржува развојот на континуитет во работата на ГЗЖС и нивните улоги.

### 2.4.4. Известување за одлуката

Сите баратели ќе бидат известени за конечната одлука веднаш штом истата ќе се донесе. ГЗЖС што ќе добијат грантови ќе бидат поканети на состанок на добитниците (планиран за почетокот на октомври 2011 година).

# 3. ПОДГОТВУВАЊЕ ЦЕЛОСНА ПРИЈАВА ЗА ГРАНТ-ПРОГРАМАТА „ЗЕЛЕН ПАКЕТ ЈУНИОР“

## 3.1. ВОВЕД

Овој дел од упатството ги опишува различните обрасци што треба да се подготват за да се комплетира вашата пријава. Ве молиме внимателно да го прочитате. Обрасците ќе ги најдете во анексите на крајот од овој документ.

Пријавата мора да ги содржи следниве обрасци:

- *Образец А:* Насловна страница на пријавата
- *Образец Б:* Опис на пријавата
- *Образец В:* Резиме на буџетот за целиот проект
- *Образец Г:* Преглед на буџетот по активности
- *Образец Д:* Изјава (изјави) за партнерство

И следнава придружна документација:

- Опис со краток историјат на ГЗЖС, активности, мисија и цели
- Кратки биографии на координаторот на проектот и на сите други клучни лица вклучени во проектот (партнери или други релевантни експерти)
- Документација за кофинансирање и
- Документи за поддршка од општествените чинители.

**ВАЖНО**

**Поднесување на барањето:**

**Крајниот рок за поднесување на пријавите за грантови за „Зелен пакет“ и „Зелен пакет јуниор“ е 12 септември 2011 година до 15 часот.**

Ве молиме, испратете ја оригиналната пријава (неукоричена) до Канцеларијата на РЕЦ во Македонија. Пријавата мора да се достави по пошта или лично до крајот на денот на крајниот рок.

Барањата што ќе задоцнат или ќе се испратат преку електронска пошта или преку факс нема да се прифаќаат. Сите барања мора да бидат потпишани и со печат на местото каде што се бара на обрасците.

За повеќе информации, поднесувачите треба да се обратат до Корнелија Радовановиќ, раководител на проекти, Канцеларија на РЕЦ во Македонија, ул. „Илинденска“ 118, 1000 Скопје, и-мејл: kornelija@rec.org.mk тел: 02 3090 136; факс: 02 3088 193.

## 3.2. ПОДГОТВУВАЊЕ НА ПРИЈАВИ

При изработката на пријавите, од ГЗЖС и партнерите се бара да работат заедно на подготвувањето на проектот. Забележете ги местата на обрасците кадешто се бараат потписи на овластените лица и печати. Пријавата се составува по следниов редослед:

***<u>Образец А: Насловна страница на пријавата</u>*** – мора јасно и целосно да се изготви од ГЗЖС.

***<u>Образец Б: Опис на проектот</u>***. При подготвувањето на описот на проектот, поднесувачот мора да ги пополни сите делови на Образецот Б, со детални одговори на долунаведените прашања. Овој образец треба да изнесува околу четири страници (вклучувајќи го и планот на проектот).

**а) Претставување на проектот**

Пристапот кон разработување на проектните активности треба да биде визионерски наместо пристап на решавање на постоечки проблеми. Наместо активностите да решаваат негативни прашања, како на пример, што е погрешно направено, и како тоа да го поправиме (пристап на решавање со дрво на проблеми) обидете се да одговорите на следниве прашања*:*

- Што е она што е добро?

- Кои се јаките страни?
- Каква визија имате за подобрување на сегашната состојба во образованието за одржлив развој?
- Можете ли да се надоврзете на постоечките позитивни примери?
- Кои се сегашните навики на однесувањето кон околината?
- Како да ги подобриме навиките?

**б) Детален план на проектот**

***Општа цел***

Која е општата (поширока) цел што ќе ја постигне проектот? Имајте предвид дека општата цел треба да се совпаѓа со општата цел дадена во огласот за грантови поврзани со образованието за одржлив развој и со одржливото користење на природните ресурси.

На кој начин проектот се интегрира во општите цели на проектите „Зелен пакет“ и „Зелен пакет јуниор“, а тоа се:

- Подобрување на состојбата со животната средина во Македонија со подигнување на свеста за животната средина на општеството преку едукација на ученици, наставници и на родители.
- Придонесување кон подобар квалитет на животната средина во Македонија преку поттикнување на личната одговорност на граѓаните за подобрување на сопствениот однос и поголема грижа за животната средина.
- Зајакнати граѓански здруженија од областа на животната средина преку развивање вештини и одржливост на организациите.

**При подготовката на пријавата треба да ги имате предвид водечките принципи на одржливиот развој за постигнување рамнотежа меѓу економските, социјалните и потребите на животната средина, користејќи притоа интегриран пристап при развивање и добивање на здрава заедница. Ова ќе се постигне со заеднички пристап кон економските, социјалните проблеми и проблемите од животната средина, притоа избегнувајќи го прекумерното консумирање на главните природни извори.**

***Цели на проектот***

- Кои се посебните цели на проектот? Посебните цели треба да се поставаат во согласност со основната цел на проектот.
- На кој начин посебните цели помагаат, директно или индиректно:
    - да се подигне свеста кај учениците и наставниците во однос на условите и на можните решенија за проблемите во секторот животна средина
    - да се промовираат позитивни промени во животната средина преку осмислување активности поврзани со секојдневието во училиштето.

***Активности и временска рамка***

- Кои се главните активности што ќе придонесат кон остварување на целите? Кои се деталните чекори што ќе се преземат за секоја активност, вклучително и тоа кој ќе ја спроведува? Како секоја од активностите придонесува кон остварување на целите?
- Каква е временската рамка за сите планирани активности? Се очекува временски распоред за целокупниот проект, со временска рамка за секоја активност.
- Како ги идентификувавте општествените чинители и каква е нивната улога во проектот`? На кој начин ќе се вклучат тие во спроведувањето на проектот? Каков е придонесот на општествените чинители кон спроведувањето на секоја активност? Објаснете како меѓусекторската соработка и пристапот со повеќе чинители придонесува за постигнување на резултатите од грантот и која е нивната полза од проектот?
- Како проектот ги прикажува потребите на заедницата? Како ќе го обезбедите учеството на заедницата при развивање на целите на проектот?
- Како проектот ги вклучува/применува условите на оваа програма?

- Како го применивте пристапот за еднакви права?
- Кои се целните групи за секоја активност?

***Очекувани резултати***

- Какви ќе бидат резултатите од предложените активности?
- Какви се очекуваните позитивни влијанија врз животната средина и придобивките од проектот? Кои се очекуваните промени во пристапот кон образованието за одржлив развој, како на наставниците, така и на раководтсвото на училиштата
- Кои се корисниците на активностите? Објаснете како ќе измерите колку целната група/корисниците од проектот ги ценат резултатите и продуктите? Користете ги следниве индикатори при илустрација на очекуваните резултати:
  - број и вид на корисници (посетители на веб-страница + број на учесници на настани/програми/акции + број на публикации;
  - наведете некои од акциите кои директно ги тангираат потребите на заедницата;
  - број на појавувања на настани организирани од проектот на медиумите (радио, ТВ, весник).
- На кој начин локалната заедница постигнува благодат? Како ќе ги мерите придобивките?
- На кој начин етничките и малцинските групи ќе постигнат благодат од вашиот проект? Како ќе ги мерите придобивките?
- На кој начин проектот промовира долготрајна соработка/вмрежување меѓу општествените чинители?
- Како ќе утврдите дали вашите активности ги постигнале целите? Какви квалитативни и квантитативни индикатори ќе се користат за да се мери степенот до кој проектот ги постигнува очекуваните резултати и ефекти? Наведете ги.
- Кои средства ќе ги употребите за да утврдите како вашиот проект придонел кон остварувањето на општата цел на програмата?
- Кои продукти (конкретни резултати) ќе се добијат во текот на вашиот проект? Наведете ги.
- На кој начин информациите што ќе произлезат од проектот ќе се презентираат пред јавноста/ заедницата?
- Дали резултатите од проектот се одржливи? При објаснување на одржливоста на проектот можете да ги користите следниве индикатори:
  - o листа на долготрајни продукти за понатамошна употреба од страна на училиштата/заедниците, како што се нови технологии или упатства што ќе бидат развиени, формирани зелени површини, опрема набавена за понатамошна потреба на ГЗЖС и на заедницата;
  - o како заедницата ќе ужива во благодатите од грантот и како ќе ги одржува нив и по завршувањето на проектот;
  - o број и вид на коалиции што ќе бидат развиени и обврзаност за продолжување на нивната работа на проблематиката со образование за одржлив развој.

***Планирани следни активности и следење на резултатите***

- o Дали резултатите од проектот се одржливи (следни чекори) и како ќе се користат понатаму?
- o Дали планирате следни активности? Опишете ги.
- o Како ќе ги презентирате информациите/ резултатите од проектот до релевантните општествени чинители и организации што имаат желба да спроведат слични проекти на други локации?

**в) Општествени чинители**

Како што се нагласува низ целото ова упатство, РЕЦ бара соодветно идентификување и вклучување на сите клучни општествени чинители во проектот. Објаснете на кој начин сте ги идентификувале општествените чинители, каква е нивната поврзаност со проблемот и на кој начин биле вклучени во подготвувањето на проектот. Внесете ги

сите информации што се бараат во Образец Б, за секој чинител посебно.

***Образец В: Резиме на буџетот за целиот проект.*** Ова е опис на буџетот за целиот проект, што мора да се наведе јасно и целосно за делот на буџетот што се бара од РЕЦ. Износите наведете ги во евра.

Во резимето на буџетот, вклучете го целокупниот износ за вашиот проект, вклучувајќи го износот доделен од други донатори за вашиот проект. Овој образец се пополнува како резиме откако претходно сте го разработиле деталниот буџет во Образец Г.

***Образец Г: Преглед на буџетот по активности.*** Барателот мора да подготви детално образложение на буџетот за проектот, што претставува основа за резимето на буџетот. Користете го Образец Г за подготвување на буџетот за секоја активност. Ве молиме, следете ги насоките дадени подолу и додајте други податоци што се релевантни за вашиот проект.

***1. Преглед по задачи -*** Кога ГЗЖС се во фазата на планирање на своите проекти, тешко е да се знае прецизно колку ќе чинат нештата. Преку спроведување на оваа вежба за буџетот, ќе можете да опишете како ќе напредува проектот. Треба да го замислите секој чекор на процесот и да се обидете да ги замислите сите различни нешта за кои ќе треба да платите. Потоа, обидете се да ги распоредите овие трошоци во буџетските ставки на образецот за преглед на буџетот. На пример, автобуските карти спаѓаат под патување, а храната за птици во набавки.

За секоја од ставките наведени подолу обидете се да го процените или да го предвидите целокупниот трошок во текот на целото времетраење на проектот. Бидете колку што може поконкретни, дури и ако сè уште не ги знаете сите детали. Напишете ги сите овие детали на посебен лист или на посебни листови хартија од прегледот на буџетот.

***2. Преглед по извор на финансирање*** – При претставување на буџетот, точно наведете кои ставки ќе се покријат од грантот, а кои од средствата обезбедени како кофинансирање.

Буџетски ставки се следниве:

*Плати* – Грантовите поддржуваат <u>само трошоци за плати за координаторските места во организациите</u>, кои во друг случај не би можеле да ги спроведуваат таквите суштински активности на проектот.
Утврдете го времето (месец или ден) што ќе го поминат координаторот на проектот, финансискиот помошник и координаторите на секоја од проектните активности, кои ќе раководат со проектот и нивната месечна/ дневна цена. При пресметувањето на овие трошоци, имајте предвид дека трошоците за плати и за консултантски услуги не треба да надминуваат 30% од вкупниот буџет (освен ако природата на проектот го наложува тоа и е соодветно образложено во предлогот). Во оваа ставка, исплатата на платите треба да биде во согласност со Законот за работни односи на РМ и соодветните правилници.

*Консултанти/персонал на договор за дело (за повремена работа)* - Секоја краткорочна услуга што е потребна за овој проект треба да се впише во оваа буџетска ставка. Утврдете ги времето (во месеци или во денови) и цената по единица. За секој консултант (подизведувач) што е избран со цена над 500 евра задолжително се почитуваат одредени прописи за набавки, во рамките на подготвувањето на пријавата (видете дел 4.5.1. подолу за повеќе детали). При пресметката на овие трошоци, имајте предвид дека трошоците за плати и за консултантски услуги (двете ставки заедно) не треба да надминуваат 30% од вкупниот буџет.
<u>Забелешка</u>*:* Поддршката од овие ставки на грантот не може да се насочува кон вработените во јавната администрација, локалните или националните власти, или нивните функционери.

*Патувања* – Наведете прецизен број на патувања, дестинации, број на луѓе што ќе

патуваат и трошоци за нивниот превоз (доколку е соодветно за активностите).

*Сместување и храна* – Проценете ги цената на сместување за лице/ноќ, дневните трошоци за лице, бројот на луѓето што ќе престојуваат и бројот на денови (доколку е соодветно за активностите).

*Опрема* – Наведете го видот на опремата, колку е потребно и цената по единица. Според финансиските правила на РЕЦ, опрема претставува секој производ над 200 евра што се користи подолго од една година. Примери за опрема се мебел, компјутери и други машини, како што се земјоделски алатки. Софтвер може да се смета како опрема во зависност од вредноста. При проценувањето на овие трошоци за буџетот, прочитајте го внимателно делот за набавки - 4.5.1.

*Материјали* – Наведете ги предметите и количината, процена на цената според намената. Материјалите вклучуваат хартија, тонери, папки, калкулатори и надградба на компјутери, чија вкупна вредност не надминува 200 евра.

*Трошоци за комуникација* – Проценете ги трошоците за (интернет) електронска пошта, телефон, факс и поштенски трошоци (најдобро е според месец или настан во проектот). Овие трошоци мора да се прикажат и да не се паушален износ.

*Трошоци за публикација* – Проценете ги бројот на страници, бројот на примероци, јазикот, темата и цената по примерок. Склучувањето договор за публикување, исто така, подлежи на правилата за набавка - 4.5.1.

*Преведувачки услуги* - Наведете ги јазиците, проценете ги бројот на часови или на страници, хонорарот за час или за страница, целта. Како и погоре, важат правилата за набавки - 4.5.1.

*Останати директни трошоци* - Трошоците што не одговараат на ниедна од горенаведените буџетски ставки може да се внесат под „останати директни трошоци“ (на пример: изнајмување конференциски простор, канцеларија и комунални сметки и сл.). Неоправданите трошоци во оваа позиција нема да се земат предвид.
Забелешка: Во рамките на овој повик, РЕЦ не покрива непредвидени или општи трошоци што не се поврзани со спроведувањето на проектот.

***Образец Д: Изјава за партнерство*** **–** Анексот Ѓ треба да ја прикаже определбата на општествениот чинител да учествува во проектот, вклучувајќи ја улогата што ќе ја има. Изјавата треба да биде потпишана од координаторот на проектот и од лицето номинирано од страна на заинтересираниот субјект. Со секој од идентификуваните општествени чинители треба да се потпише спогодба.

**Опис со краток историјат на ГЗЖС**

Опишете го секое вклучено ГЗЖС, со краток историјат, активности, мисии и способност/капацитет за спроведување на проектот.

**Кратки биографии на координаторите на проектот и на сите клучни лица вклучени во проектот**

РЕЦ бара кратка биографија на координаторите на проектите и на другите клучни експерти што ќе бидат вклучени во спроведувањето на проектот.

Кратката биографија треба да содржи:

- Презиме
- Име
- Датум на раѓање
- Место на раѓање
- Националност
- Сегашен работодавец
- Години на искуство во областа
- Клучни квалификации (релевантни за проектот)
- Образование: Во овој дел, накратко опишете го факултетското /универзитетското и друго специјализирано образование, наведувајќи ги имињата на училиштата, датумите на студирање и звањата што се стекнати

- Работно искуство: Во овој дел, наведете ги сите работни места, локации, назначувања, звања, датуми и работодавци. Посочете ја работата што сте ја извршувале со која најдобро се прикажува способноста на лицето да ги извршува задачите во проектот.

# 4. РОКОВИ И УСЛОВИ

## 4.1. ВОВЕД

За да се подготви пријава за оваа програма за грантови, постојат одреден број рокови и услови кои подносителите треба да ги имаат предвид. Најважните од нив се опишани во следниот дел.

## 4.2. ПРОЦЕС НА ДОДЕЛУВАЊЕ

### 4.2.1. Предуслови

Во многу случаи, условите за грант ги утврдува Локалниот советодавен одбор. Тие обично се однесуваат на содржината (главно резултати и индикатори) или на финансиски прашања, иако понекогаш тие може да значат методолошко или временско приспособување. Тие мора да се исполнат до крајниот рок утврден во писмото со известувањето за доделувањето и во договорот за доделување, пред да може да се изврши првиот трансфер на средства од грантот.

### 4.2.2. Состанок на добитниците

Од добитниците на грантот се очекува да присуствуваат на состанокот на добитниците во Скопје, за кој ќе бидат дополнително известени. На овој состанок, секое ГЗЖС ќе го претстави својот проект, ГЗЖС се запознаваат со другите добитници на грантови и со службениците на РЕЦ за обука за грантови и финансиски прашања. Друга важна активност на состанокот за доделување е потпишувањето на договорите за доделување.

### 4.2.3. Договор за доделување финансиска поддршка

Сите договори за доделување финансиска поддршка се подготвени во евра.

Договорот за доделување финансиска поддршка го утврдува износот на одобрениот буџет за грантот, распоредот за исплаќање и барањата за известување. По потпишувањето од страна на корисниците на грантот и од директорот на Националната канцеларија на РЕЦ во Македонија, договорот за доделување финансиска поддршка станува правно-обврзувачки договор.

Договорот за доделување финансиска поддршка, исто така, утврдува дека проектот мора да се спроведе онака како што е опишано во барањето за грантот. Доколку постои значајна промена во проектот, таа мора да биде доставена до службеникот на РЕЦ за грантови и писмено да биде одобрена од него пред да се реализира таа промена. Значајни промени вклучуваат: разлика во буџетот на која било буџетска линија поголема од 10%, промена во датумите за спроведување на проектот и промени во целта на проектот.

Договорот за доделување финансиска поддршка мора да ги содржи потписите на:

- координаторот на проектот, кој потпишува во името на ГЗЖС;
- директорот на Националната канцеларија на РЕЦ во Македонија, кој потпишува во името на донаторската организација.

Сите потписи мора да се потврдат со печат на ГЗЖС. Со потписот на директорот на Националната канцеларија на РЕЦ и со печатот на РЕЦ, договорот за доделување финансиска поддршка станува правно обврзувачки документ. Понатаму, роковите и условите опишани во упатствата и во огласот за грантовите се законски обврзувачки.

## 4.3. УПРАВУВАЊЕ СО ГРАНТОТ

### 4.3.1. Исплата на грантот

ГЗЖС мора да имаат сопствена банкарска сметка. Средствата од грантот се трансферираат од сметката на РЕЦ на банкарските сметки на ГЗЖС. Не може да се вршат исплати од грантот во готово или со чек.

Средствата се исплаќаат во денарска противвредност на евра, најмалку на три рати, врз основа на распоредот вклучен во документите за доделување и договорен на состанокот на добитниците. Ако постојат буџетски предуслови, ГЗЖС мора да подготват нови прегледи на буџетите, кои ќе се разгледуваат на состанокот на добитниците.

Првата исплата од грантот се врши кога се исполнети предусловите и кога РЕЦ ќе го добие потпишаниот договор за доделување финансиска поддршка. Следните исплати се вршат кога службеникот за грантови и финансискиот помошник ќе ги одобрат извештаите за текот на проектот. По одобрувањето на завршниот извештај од страна на РЕЦ, се исплаќаат последните 10% на ГЗЖС.

#### 4.3.2. Барања за известување

ГЗЖС е одговорно за доставување на сите извештаи за спроведување на проектот, како што е тоа наведено во договорот за доделување финансиска поддршка. Од ГЗЖС се бара да подготви описен и финансиски извештај и да го испрати до Канцеларијата на РЕЦ во Македонија. Во извештајот мора да се вклучат копии од сметките. Оригиналите се поднесуваат по посебно барање.

Сите извештаи мора да се достават според распоредот утврден во договорот за доделување финансиска поддршка.

Добитничките ГЗЖС ќе добијат целосни насоки за известувањето за време на состанокот на добитниците.

#### 4.3.3. Измени во буџетот

Иако РЕЦ не може да го зголеми вкупниот износ на доделениот грант, буџетот утврден во договорот за доделување финансиска поддршка може да се менува. Доколку е неопходно да се префрлат повеќе од 10% од една буџетска ставка во друга буџетска ставка, ГЗЖС треба да добие писмено одобрение од службеникот за грантови на РЕЦ.

#### 4.3.4. Ревизија

Персоналот на РЕЦ, претставници на ADC или независни ревизорски фирми може да го следат одвивањето на проектот во секое време. РЕЦ го задржува правото да врши ревизија во финансиите и во расходите во кое било време на периодот на проектот или до една година по завршувањето на проектот.

#### 4.3.5. Враќање на средствата

Доколку не се исполнат условите / активностите на проектот од какви било причини, целокупниот износ на грантот му се враќа на РЕЦ. Договорот за доделување финансиска поддршка е правно обврзувачки документ, а ГЗЖС и РЕЦ треба да ги извршат сите барања. Во случај на несогласување, се применуваат законите на Република Македонија.

## 4.4. ИНФОРМАЦИИ И ОБЈАВУВАЊЕ

#### 4.4.1. Пристап до информации

Одбиените пријави не се ставаат на увид на јавноста, освен ако авторското ГЗЖС не му даде дозвола на РЕЦ да го објави барањето.

Сите одобрени барања за грантови и нивните производи се сметаат како јавни. Сите информации што ќе произлезат од проектите на грантовите се јавно достапни. ГЗЖС се поттикнуваат да изготват веб-страници за проектот, каде што ќе ги презентираат резултатите од спроведените проекти и ќе ги промовираат пред другите заинтересирани субјекти.

Ако проектот резултира со публикација, корисникот на грантот е должен да достави до Националната канцеларија на РЕЦ во Македонија бесплатни примероци за понатамошна дистрибуција.

#### 4.4.2. Признанија за грантовите

Признанијата за поддршката на ADC и на РЕЦ ќе се ценат. Секое соопштение објавено од ГЗЖС, како што се натпис во весник или брошура за конференција, треба да го содржи следново признание:

*„Овој проект се спроведува преку програмата „ЗЕЛЕН ПАКЕТ ЈУНИОР“ на Регионалниот центар за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа, Канцеларија во Македонија. Оваа програма ја финансираат Австриската развојна соработка (ADC), Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за образование и наука на Република Македонија.*

### 4.4.3. Користење на логото на „Зелен пакет јуниор“, РЕЦ и на ADC

ГЗЖС што ќе го користат логото на „Зелен пакет јуниор“, на РЕЦ и на ADC на публикација, постер, маица, етикета и сл. претходно се должни да контактираат со раководителот на проекти на РЕЦ. РЕЦ ќе го достави официјалното лого до ГЗЖС, на нивно барање. Логото треба да се користи заедно со горенаведената реченица за признание секогаш кога тоа е можно.

### 4.4.4. Одобрување и одрекување

Спонзорството од донаторите (РЕЦ, ADC, МЖСПП и МОН) на која било пријава не наложува и нивно прифаќање на резултатите. Тие не преземаат обврски, искажани или имплицирани, за штети што ќе произлезат од каква било активност на корисниците на грантовите. Мислењата изразени во врска со проектот (или со публикациите) не мора да ги претставуваат политиките или мислењата на донаторите.

## 4.5. ПОСЕБНИ УСЛОВИ

### 4.5.1. Набавки

Овој дел се применува за набавка на стоки и услуги за корисниците на грантови.

#### *4.5.1.1. Набавка на основни средства*

Секој предмет за подолго користење (над 12 месеци) и со куповна цена од над 200 евра се смета како основно средство (стока). Основни средства може да се купуваат доколку финансиските средства (постојниот буџет) и потребата за бараните основни средства се предвидени и образложени во пријавата.

Сите основни средства купени со грантот претставуваат сопственост на РЕЦ во фазата на спроведување на проектот. РЕЦ ќе му ги пренесе сопственичките права на ГЗЖС само ако РЕЦ е задоволен со резултатите од грантот.

Постојат посебни услови за грантовите во кои се користи можноста за купување на основни средства:

1. Потврдата треба да ги почитува локалните прописи за набавка на основни средства. Фактурата треба да гласи на име на ГЗЖС, а ако е неопходно, во износот на грантот може да се вклучи осигурување.
2. Фактурата треба да гласи на име на ГЗЖС, иако договорот за доделување финансиска поддршка утврдува дека РЕЦ ја задржува сопственоста на основните средства во периодот на проектот. Во текот на овој период, РЕЦ му ги позајмува основните средства на ГЗЖС. Покрај тоа, во договорот се утврдува дека, доколку ГЗЖС престане да постои или веќе нема потреба од основните средства, тогаш основните средства мора да ѝ се вратат на Националната канцеларија на РЕЦ во Македонија.
3. Врз основа на задоволителното работење на ГЗЖС во текот на спроведувањето на грантот, раководителот на РЕЦ за грантови одобрува или одбива понатамошна сопственост на основните средства од страна на ГЗЖС. Во случај грантот да биде затворен во невообичаени околности или да нема оправданост за понатамошно користење на основните средства од ГЗЖС, РЕЦ има овластување да бара итно враќање на основните средства на Националната канцеларија на РЕЦ. Основните средства може да се пренесат за користење на друго ГЗЖС, во рамките на програмата за грантови.

#### *4.5.1.2. Обезбедување услуги (врз основа на договор)*

Доколку во рамките на доделен проект ГЗЖС има намера да прима услуги, мора да се подготви формален договор меѓу ГЗЖС и лицето со кое се склучува договор за обезбедување услуга (правни или физички лица). Услугите вклучуваат, но не се ограничени на експертски консултантски услуги, договори за печатење и исплата за работа.

Покрај ова барање, набавката на услуги над определен износ мора да се спроведува според определена постапка:

| *Износ на договорот* | *Постапка* |
|---|---|
| < 500 евра | Договорена при оценувањето на предлогот или со раководителот на грантови |
| 501 – 5.000 евра | Проектни задачи за услуги, плус заклучок од оцената на избраниот подизведувач.<br>Да се обезбедат три понуди на цена |
| > 5.001 евро | Договори со оваа вредност не се допуштени |

#### 4.5.2. Корупција и конфликт на интереси

РЕЦ очекува дека корисниците на грантовите:

- Ќе соработуваат за спречување корупција во рамките на проектот обезбеден со грантот и во текот на целиот негов период ќе преземат итни правни мерки да запрат, да истражат или да пријават лице за кое постои основано сомневање за корупција или за друга намерна злоупотреба на средствата.
- Нема да нудат или да прифаќаат понуди, подароци или исплати, разгледување на добивка од каков било вид, кои би би можело да се сметаат како незаконска или коруптивна практика, директно или индиректно, како поттикнување или награда поврзани со спроведувањето на проектот што добил грант. Секое такво дејство би резултирало со прекинување на договорот за доделување финансиска поддршка веднаш.
- Нема да се ангажираат во надворешна работа, да се вклучат во зделки или во обврски или да имаат интерес, лично или преку компанија или застапник, кој ќе биде или може да биде во спротивност со учеството во грантот.

## 5. КОНТАКТИ И КРАТОК ИСТОРИЈАТ

**Крајниот рок за поднесување на целосните пријави е 12 септември 2011 година до 15 часот**. Испратете ја оригиналната пријава до Националната канцеларија на РЕЦ во Македонија, по пошта или лично до горенаведениот краен рок. Пријавите што ќе задоцнат или ќе се испратат преку **електронска пошта или преку факс нема да се прифаќаат.** Сите барања мора да бидат потпишани и со печат на местото каде што се бара. За повеќе информации, заинтересираните треба да се обраќаат до Корнелија Радовановиќ, раководител за проекти, Канцеларија на РЕЦ во Македонија, ул. „Илинденска" 118, 1000 Скопје, тел: 02 3090 136; факс: 02 3088 193, и-мејл: kornelija@rec.org.mk

### РЕГИОНАЛЕН ЦЕНТАР ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ЗА ЦЕНТРАЛНА И ИСТОЧНА ЕВРОПА (РЕЦ)

Регионалниот центар за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа (РЕЦ) е непартиска, непристрасна, непрофитна меѓународна организација, со мисија да помага во решавањето на проблемите во животната средина во Централна и Источна Европа (ЦИЕ). Центарот ја остварува оваа мисија преку унапредување на соработката меѓу невладините организации, стопанските и другите субјекти од областа на животната средина и преку поддршка на слободната размена на информации и на учеството на јавноста во донесувањето одлуки за животната средина.

РЕЦ беше основан во 1990 година од страна на САД, Европската комисија и Унгарија. Денес РЕЦ правно се заснова на повелба потпишана од владите на 28 земји и Европската комисија и на меѓународна спогодба со Владата на Унгарија. Седиштето на РЕЦ е во Сентендре, Унгарија, а има национални канцеларии во 17 земји-корисннички, а тоа се: Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Хрватска, Чешка Република, Естонија, Унгарија, Латвија, Литванија, Република Македонија, Полска, Романија, Србија, Словачка, Словенија, Турција и Црна Гора,. Повеќе информации може да се најдат на: www:rec.org.mk

## Австриска развојна соработка (ADC)

Австриската развојна соработка е дел од австриската надворешна политика и од развојната политика на Европската унија, која има цел да го промовира светскиот мир во соработка со други индустријализирани земји и земји во развој.

АДА претставува оперативна единица на Австриската развојна соработка и соработката со Источна Европа (ADC). АДА е задолжена за реализација на сите билатерални програми и проекти во земјите-партнери на ADC и за администрирање на соодветните буџети.

Австриската развојна политика е водена од следниве **цели**:

1. **Борба против сиромаштијата** во земјите во развој преку унапредување на економскиот и на социјалниот развој низ процес на одржлива економска активност и економски раст комбиниран со структурни, институционални и социјални промени;
2. **Обезбедување мир и безбедност за луѓето**, особено преку унапредување на демократијата, владеењето на правото, човековите права и доброто управување и

3. **Заштита на животната средина и на природните ресурси,** кои ја сочинуваат основата за одржлив развој (член 1, став 3 од Законот за развојна соработка).

**Начела**
Австриската развојна политика се заснова на следниве **начела**. Секоја усвоена мерка мора да ги земе предвид:

1. **Целите на соодветните влади и на населението** во земјите во развој, во поглед на брзината и видот на развојниот процес и нивното право да го изберат сопствениот пат на развој;
2. **Интеграцијата на мерките во конкретното општествено опкружување**, со посебно внимание на културолошките аспекти и на употребата на соодветна технологија;
3. **Еднаквост меѓу мажите и жените** и
4. На соодветен начин, потребите на **децата и на лицата со посебни потреби** (член 1, став 4 од Законот за развојна соработка).

За да помогне во дизајнирањето европски процеси на донесување одлуки поврзани со развојната политика и за да го олесни пристапот на домашни организации и компании до развојни проекти финансирани од ЕУ, од јули 2005 година АДА е претставена со контакт-лице во Брисел. Повеќе информации може да се најдат на www.ada.gv.at.

**Поддршка на проекти во областа образование за одржлив развој**

# Образец А

## Насловна страница на пријавата

Ова е заштитен документ. Не можете да ги менувате формуларите. Внесете ги бараните податоци во соодветните полиња.

Наслов на проектот:

| **Главни информации за ГЗЖС** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Име на ГЗЖС | | | | |
| Број на регистрација | | И-мејл: | | |
| Телефонски број | | Факс: | | |
| Адреса | | | | |
| Лидер на проектот | | | | |
| Датуми на проектен период | Почетен датум: | - - година - месец - ден | Завршен датум: | - - година - месец - ден |
| Краток опис на проектот (400 карактери) | | | | |
| Продукти/активности што ќе се развијат (по точки) | | | | |
| Сума побарана од РЕЦ (ЕУР) | | | | |
| Информации за банката (име, адреса, сопственик на сметка, број на денарска сметка, SWIFT ) | Име на банката:<br><br>Сопственик на сметка:<br><br>Број на денарска сметка:<br><br>SWIFT: | | | |
| Ова поле го пополнува РЕЦ | Датум на прием | | Одговорно лице за грантови | |
| Одлука | | | | |

**Таму каде што е потребно, користете дополнителни листови**

**Поддршка на проекти во областа образование за одржлив развој**

# Образец Б

## Опис на проектот

| | |
|---|---|
| Ова е заштитен документ. Не можете да ги менувате формуларите, но може да ги внесете бараните податоци во соодветните полиња. | |
| Наслов на проектот: | |
| 3.а. Претставување на проектот | Опис на сегашната состојба: |
| 3.б. Детален план на проектот | Општа цел на проектот: |
| | Посебни проектни цели: |
| | Активности и временска рамка: |
| | Очекувани резултати: |
| | Планирани следни активности и следење на резултатите: |
| 3.в. Општествени чинители | |
| Општествен чинител1 | Организација/правно лице: |
| | Име и позиција на лицето за контакт: |
| | Адреса: |
| | Број на телефон и факс: |
| | И-мејл: |
| | Опис на улогата: |
| | |

| | |
|---|---|
| Општествен чинител2 | Организација/правно лице: |
| | Име и позиција на лицето за контакт: |
| | Адреса: |
| | Број на телефон и факс: |
| | И-мејл: |
| | Опис на улогата: |
| | |
| Општествен чинител3 | Организација/правно лице: |
| | Име и позиција на лицето за контакт: |
| | Адреса: |
| | Број на телефон и факс: |
| | И-мејл: |
| | Опис на улогата: |

**Таму каде што е потребно, користете дополнителни листови**

Поддршка на проекти во областа образование за одржлив развој

# Образец В

## Резиме на буџетот за целиот проект (во ЕУР)

**Вкупен буџет:**

| Буџетски точки | Буџет (ЕУР) |
|---|---|
| Плати | |
| Опрема | |
| Патни трошоци | |
| Сместување и храна | |
| Набавки | |
| Консултанти/ персонал по договор | |
| Трошоци за публикација | |
| Преведувачки услуги | |
| Трошоци за комуникација | |
| Останати директни трошоци (наведете конкретно) | |
| 1. Вкупна сума побарана од РЕЦ: | |
| | |
| 2. Вкупно кофинансирање | |
| 3. Дополнителни фондови обезбедени од други донатори / нефинансиско учество: | |
| Вкупен проектен буџет: (1+2+3) | |

**Потпишете го и ставете печат на ова резиме за буџетот.**
**Документот е валиден со потпис.**

**Поддршка на проекти во областа образование за одржлив развој**

# Образец Г

## Преглед на буџетот по активности (во ЕУР)

*(доколку е потребно, копирајте го)*

Ова е заштитен документ. Не можете да ги менувате формуларите, но може да ги внесете бараните податоци во соодветните полиња.

**Фаза:**
**Активност:**
**Временска рамка:**

| РЕЦ буџетска точка | Опис | Трошок по единица | Број на едини ци | Побарано од РЕЦ | Кофина нси-рање | Дополни-телни фондови |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Плати** | | | | | | |
| **Опрема** | | | | | | |
| **Патни трошоци** | | | | | | |
| **Сместување и храна** | | | | | | |
| **Набавки** | | | | | | |
| **Консултанти/ персонал по договор** | | | | | | |
| **Трошоци за издаваштво / публикација** | | | | | | |
| **Преведувачки услуги** | | | | | | |
| **Трошоци за комуникација** | | | | | | |
| **Останати директни трошоци (наведете конкретно)** | | | | | | |
| ВКУПНО Активност | | | | | | |

Забелешка:

- Под **ОПИС** наведете детално објаснување за буџетираната сума. Пример: (1) за консултанти/персонал по договор треба да ги специфицирате сите ангажирани експерти или организации во врска со дадената активност; (2) за патни трошоци, наведете ги името на лицето кое патува, дестинацијата и транспортното средство.

**Поддршка на проекти во областа образование за одржлив развој**

# Образец Д

## Изјава за партнерство

Со потпишување на оваа изјава за партнерство се согласуваме да работиме заедно во спроведување на овој проект доколку истиот биде избран за финансирање.
Сите се согласуваме дека проектниот координатор на **водечкото граѓанско здружение** е одговорен за координација на сите носители на одлуки, одржување комуникација со РЕЦ и за исполнување на барањата за известување.

**Општествените чинители** се одговорни да го дадат својот придонес за проектот во согласност со описот и временската рамка наведени во предлогот, да дадат свој навремен придонес за активностите, како и да одржуваат блиска соработка со останатите носители на одлуки и корисници на проектот.

| | |
|---|---|
| **Наслов на проектот:** | |

**Информации за партнерот/општествениот чинител**

| | |
|---|---|
| Организација/правно лице: | |
| Лице за контакт: | |
| Име и потпис на партнерот (ставете печат и датум): | |
| Име и потпис на лидерот на проектот на ГЗЖС (ставете печат и датум): | |
| Ве молам доставете кус профил на вашата организација/правно лице и објаснување на кој начин вашето учество во проектот ќе допринесе во остварување на неговите цели. | |